# ПОВИК ЗА УЧЕСТВО



## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# Вмрежување во античкиот свет: Потекло, Поврзаност и Трговија

**26-28 ОКТОМВРИ, 2027 |** Национален археолошки музеј, Скопје
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА УСНИТЕ ПРЕДАВАЊАТА:** 20 минути
**ЈАЗИК:** Англиски

Главниот фокус на конференцијата ќе биде ставен на комуникацијата и мрежите на меѓусебно влијание на древните заедници преку движењето на луѓето и размената на материјали, технологии, идеи, верувања и културни достигнувања кои го обликувале не само античкиот, туку и денешниот свет.

Новите археолошки откритија, како и новите проучувања, методи, аспекти и перспективи на материјалната култура како предмет на археологијата, историјата, епиграфиката, нумизматиката, антропологијата, дигиталната хуманистика и други сродни дисциплини, се важен дел од денешната слика за динамиката во историските текови на човековата цивилизација.

## ТЕМИ

Ги покануваме авторите да достават предлози кои се однесуваат, но не се ограничени на следните теми:

- стари патишта и трговски мрежи
- градови, пазари и економски центри
- размена на стоки и суровини
- дипломатски и политички мрежи
- социјална мобилност
- културни, религиски и технолошки патишта на размена
- статусот и општествените улоги на жената и на мажот во старите заедници
- секојдневниот живот: семејство, домување, исхрана, мода, работа...

## НАСОКИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ:

За **усно предавање** – апстракт од 200-300 зборови; за **постер презентации** – апстракт од 100-200 зборови преку пополнување на формуларот во прилог. Краен рок за поднесување на предлозите е **15 јануари 2027** година на следнава електронска адреса: **2027archaeolconference@gmail.com**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИФАЌАЊЕ:

По разгледување на предлозите од страна на Научниот одбор по истекот на рокот за пријавување, најдоцна до **1 март 2027 година** ќе бидат известени сите автори, а финалната програма за конференцијата ќе биде објавена во **јуни 2027 година.**

2027archaeolconference@gmail.com
**amm.org.mk**